# СООПШТЕНИЕ ОД КОМИСИЈАТА ДО СОВЕТОТ И ДО ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

**Стратегија за проширување и главни предизвици 2007-2008 год.**

## 1. ВОВЕД

Проширувањето е еден од најмоќните инструменти на политика на ЕУ. Тоа им служи на стратегиските интереси на ЕУ за стабилност, безбедност и спречување конфликти. Тоа помогна да се зголеми просперитетот и можностите за раст како и да се обезбедат витални транспортни и енергетски патишта. Сегашната агенда за проширување ги покрива Западниот Балкан и Турција, на кои им беше дадена перспективата за станување членки на ЕУ откако истите ќе ги исполнат потребните услови.

Претстојната година ќе биде суштинска за консолидирање на процесот на транзиција на Западниот Балкан. Земјите сами ќе ја преземат одговорноста од Пактот за стабилност за промовирање регионална соработка, којашто игра клучна улога во помирувањето и воспоставувањето добрососедски односи. Преговорите за пристапување со Хрватска добро напредуваат и влегуваат во одлучувачка фаза. Ова на регионот во целина му демонстрира дека перспективата за членство во ЕУ е реалност. Во претстојната година, се очекува да се завршат спогодбите за стабилизација и асоцијација, поврзувајќи ги партнерите во регионот поблиску со ЕУ, со изгледи за пристапување.

Истовремено, самиот регион се соочува со крупни проблеми, почнувајќи со потребата да се постигне договор за статусот на Косово. Европскиот курс на Србија, градењето држава со локална сопственост во Босна и Херцеговина и подоброто владеење во Република Македонија, Албанија и Црна Гора ќе бидат високо на агендата. Некои од овие земји се соочуваат со важни предизвици во однос на владеењето и исполнувањето на добро воспоставени услови поврзани со процесот на стабилизација и асоцијација. ЕУ ќе треба да биде подготвена да обезбеди поддршка во текот на претстојната година како и да одговори на настаните, целосно искористувајќи ги своите инструменти на политика.

По парламентарните и претседателските избори, за Турција е важно да побрза со клучните реформи кои се потребни со цел консолидирање на основните права и слободи. Преговорите за пристапување со Турција треба да продолжат, со динамика која ја одразува динамиката на реформите во самата земја, како и исполнувањето на релевантните услови од страна на Турција.

Имајќи го ова предвид, доследното спроведување на обновениот консензус дефиниран од Европскиот совет во декември 2006 година е поважно од кога и да е. Овој консензус се заснова на принципите за консолидирање на заложбите, праведна и ригорозна условеност и подобра комуникација со јавноста, во комбинација со капацитетот на ЕУ да интегрира нови членки. Динамиката со која една земја-кандидатка или потенцијална земја-кандидатка пристапува кон ЕУ ја одразува динамиката на нејзините политички и економски реформи, како и нејзиниот капацитет целосно да ги преземе правата и обврските од членството. Комисијата го подобрува квалитетот на процесот на проширување

преку решавање на реформите во јавната администрација и судството и преку борбата против корупција во рана фаза, со целосно искористување на главните показатели и со внесување поголема транспарентност во процесот. Комисијата ги подготвува првите студии за влијанието, анализирајќи го ефектот од пристапувањето на одредена земја-кандидатка во конкретни области на политика.

Правната основа за проширување е член 49 од Договорот за Европската унија[1], којшто гласи: „*секоја европска држава која ги почитува начелата наведени во член 6(1) може да бара членство во Унијата. (...)*“[2]

На Европскиот совет одржан во декември 2006 година, се заклучи дека „проширувањето беше успешна приказна за Европската унија и Европа во целост. Тоа помогна да се надмине поделбата во Европа и придонесе за мир и стабилност низ целиот континент. Тоа инспирираше реформи и ги консолидира заедничките начела на слобода, демократија, почитување на човекови права и основни слободи, и владеењето на правото, како и пазарната економија. Поширокиот внатрешен пазар и економската соработка го зголемија просперитетот и конкурентноста, овозможувајќи ѝ на проширената Унија подобро да одговори на предизвиците на глобализацијата. Проширувањето ја зголеми и тежината на Европа во светот и ја направи посилен меѓународен партнер.“

Дванаесетте земји-членки коишто се приклучија во петтиот бран на проширување покажуваат добро ниво на усогласеност со правото на ЕУ. Ова ја покажува вредноста на ригорозни реформски напори во комбинација со интензивниот притисок и дисциплина на ЕУ. Благодарение на добрите подготовки, ЕУ продолжува непречено да функционира по проширувањето.

Земјите-членки во сите делови на ЕУ имаа придобивки од повисоките нивоа на економски раст. Словенија го усвои еврото во јануари 2007 год.; Кипар и Малта ќе го сторат тоа во 2008 год. Внимателните подготовки од засегнатите земји и Комисијата, во комбинација со растечката трговија и проток на инвестиции им помогнаа на новите земји-членки прогресивно да конвергираат кон просечниот животен стандард на ЕУ. Меѓу 1998 и 2006 год., БДП на дванаесетте земји-членки што се приклучија во петтото проширување порасна за годишен просек од 4,3% во споредба со 2,2% во 15-те стари земји-членки[3]. Трговијата меѓу старите и новите членки забележливо се зголеми во последнава деценија. Извозот и увозот меѓу десетте земји-членки што се приклучија во 2004 година и 15-те стари земји-членки четирипати се зголеми во периодот меѓу 1995 и 2006 година, додека вкупната трговија меѓу нив се удвои во истиот период. Вклучувањето во внатрешниот пазар на дванаесет динамични економии со повеќе од 100 милиони потрошувачи со растечка куповна моќ ја зголемува конкурентноста на Унијата и нејзината тежина во светската економија. Десет месеци по пристапувањето, Бугарија и Романија произведуваат понатамошен економски раст и инвестиции. Прогнозите за раст во 2007 година, за Романија и Бугарија се многу повисоки од очекуваната просечна стапка на раст на ЕУ.

[1] Договорен е нов договор на Европскиот Совет во октомври 2007 год.

[2] Член 6(1) гласи „*Унијата е заснована врз начелата на слобода, демократија, почитување на човековите права и основните слободи, и на владеењето на правото, начела кои се заеднички за земјите-членки*“

[3] Врз основа на податоци од Евростат.

Комисијата презеде безбедносни мерки на крајот од 2006 година со цел да обрне внимание на извесни недостатоци за двете земји. Во јуни, Комисијата ги објави своите први извештаи за механизмот за соработка и верификација во областа на правдата и внатрешните работи, како и за безбедносните мерки[4]. Комисијата ќе го ревидира напредокот во оваа област и ќе поднесе извештај на почетокот на 2008 година.

Во поглед на кипарското прашање, лидерите на заедниците на кипарските Грци и на кипарските Турци треба да ги зацврстат своите напори за повторно отпочнување преговори за целосно решавање на спорот под покровителство на ОН. Комисијата го применува инструментот за финансиска поддршка за поттикнување на економскиот развој на заедницата на кипарските Турци, на тој начин олеснувајќи повторно идно обединување на островот. Подобрената употреба на Регулативата за зелена линија, што овозможува движење на лица и добра низ цел Кипар, ќе им послужи на интересите на двете заедници. Регулативата за директна трговија со северниот дел од Кипар, предложена од Комисијата за понатамошно намалување на изолацијата на заедницата на кипарските Турци, останува да се донесе од страна на Советот.

Во земјите вклучени во сегашната агенда на проширување - Западниот Балкан и Турција, напорите на ЕУ придонесуваат за стабилност и поттикнуваат важни политички и економски реформи. Меѓутоа, тие сè уште се соочуваат со извесен број крупни предизвици. Од суштинска важност е да се одржи видливоста и кредибилитетот на нивните изгледи за пристапување, како и да се добие поддршка за проширување во земјите-членки.

Комисијата ќе продолжи и понатаму да го подобрува квалитетот на процесот на проширување. Политиката на проширување ќе стави поголем акцент на фундаменталните прашања на градење држава, добро владеење, административни и судски реформи, владеење на правото, помирување, почитување на Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (МКТЈ), и развојот на граѓанското општество. Треба да се промовираат контакти луѓе-со-луѓе, особено е време да се иницира дијалог за либерализација на визен режим за граѓаните од земјите на Западниот Балкан. Развојот на регионалната соработка на Западниот Балкан треба да продолжи, особено локалната сопственост врз иницијативите во оваа област.

Во сите земји за проширување, ЕУ ќе продолжи целосно да ги користи своите претпристапни инструменти за третирање на клучните предизвици. Континуираните резултати за спроведувањето на обврските, имено според спогодбите за асоцијација, се од особена важност за движење од една во наредна фаза на патот кон интеграцијата во ЕУ и истите се следат ригорозно. Во овој документ, Комисијата утврдува извесен број мерки за подигање на свеста за законите и политиките на ЕУ како и за подготвување на следните чекори во процесот на проширување.

Комисијата ги приспособува претпристапните инструменти на политика кон актуелните предизвици на политиката на проширување. Од јануари 2007

[4] Извештаи за напредокот на Бугарија и Романија во врска со придружните мерки по пристапувањето
COM(2007)377 и COM(2007) 378, 27 јуни 2007 год.

година, таа користи нов финансиски инструмент, Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Во програмирањето на помошта од ИПА, точниот фокус врз реформските приоритети ќе ја одрази фазата на секој партнер во процесот на транзиција. Комисијата сега предлага ревизија на партнерствата за пристапување и европските партнерства, кои ќе послужат како клучни референци во поставувањето приоритети. Таа, исто така, предлага и Повеќегодишна индикативна финансиска рамка за ИПА, покривајќи го периодот 2009-2011 година. Комисијата ќе воведе можност за продолжување на развојот на граѓанското општество, секако преку проекти за градење капацитети и размена. Таа ќе даде дополнителен нагласок врз програмите кои поддржуваат градење држава, добро владеење, институционална реформа и административен капацитет.

Максималната корист од поддршка преку грантови за развој на приватниот сектор и инфраструктурни инвестиции ќе се бара преку интензивирана соработка со Европската инвестициска банка (ЕИБ), како и со Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и други меѓународни финансиски институции (МФИ). Комисијата ќе обезбеди потесна координација со други донатори низ низата нивни активности и ќе ги поттикне да бидат активни во приоритетните области утврдени во ова соопштение. Спроведувањето, исто така, по трансферот на надлежностите ќе се насочи од Европската агенција за реконструкција кон делегациите и канцелариите на Комисијата.

Земјите-членки имаат најдобра позиција при соопштувањата до јавноста дека проширувањето е во интерес на ЕУ. Комисијата ќе продолжи да ја игра својата улога со промовирање подобар проток на фактички информации за прашањата околу проширувањето. Надградувајќи ја постојната стратегија на ЕУ, ова соопштение ги анализира клучните предизвици на патот кон интеграцијата во ЕУ. Тоа дава преглед на пристапот за приспособување на инструментите на политиката за проширување и за обезбедување поточен фокус врз областите со итна потреба од напредок, исто така, земјаќи ги предвид поуките од претходните проширувања.

## 2. СЕГАШНИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ЗЕМЈИТЕ НА ПРОШИРУВАЊЕ

Земјите на Западниот Балкан и Турција добија изгледи за членство во ЕУ откако ќе ги исполнат утврдените услови. Земајќи ја предвид сегашната состојба на подготовки во овие земји, нивното пристапување веројатно ќе се случи на среден до долг рок. Фокусот сега е врз темелни подготовки за да се обезбеди дека земјите ангажирани во процесот на проширување ќе ги решаваат фундаменталните прашања од економија и владеење, како и прашањата поврзани со законите и политиките на ЕУ.

### 2.1 Западен Балкан

Ангажирањето на ЕУ со земјите од Западниот Балкан преку процесот на стабилизација и асоцијација што води кон членство, направи суштински придонес кон напредокот постигнат во последниве години од земјите во регионот.

Беше одржана стабилноста, а обновата по војните од деведесеттите години речиси е завршена. Демократски избрани влади има низ целиот регион. Економскиот раст зеде замав, макроекономската стабилност се подобри, а животниот стандард порасна. Во тек се важни реформи за јакнење на владеењето на правото и за модернизирање на економските и социјалните структури. Порасна и регионалната соработка, вклучувајќи ги областите на трговија, енергетика, транспорт и животна средина. Земјите од Западен Балкан имаат сè поголема сопственост врз регионалните иницијативи.

Сите земји од Западен Балкан се движат напред кон ЕУ, иако со различна брзина. Хрватска започна преговори со ЕУ за пристапување, а Република Македонија доби кандидатски статус. ЕУ ги завршува спогодбите за стабилизација и асоцијација со земјите од регионот, а економската интеграција со ЕУ е доста напредната. Земјите од Западен Балкан сега потпишаа и договори со ЕУ за олеснување на визниот режим и за реадмисија.

Овие достигнувања сега треба да се консолидираат и да се направат иреверзибилни. Треба да се обрне внимание и на други крупни предизвици. Во извесен број земји, вкупниот реформски процес забави. Градењето држава, како и подоброто владеење, остануваат приоритетна грижа во поголемиот дел од Западен Балкан. Ситуацијата на Косово[5] продолжува со нужноста од значително меѓународно присуство. Сегашниот статус на Косово не е одржлив; тој треба да се реши без понатамошно одлагање за да се овозможи политички и економски развој на Косово и за да се обезбеди регионална стабилност. Во Босна и Херцеговина, националистичката реторика на клучните политички лидери го става под знак прашање договореното утврдено со Дејтонско-Парискиот мировен договор и ги забавува реформите. Многу потребните реформи во полицијата и во уставната рамка не успеаја да направат напредок. Босна и Херцеговина допрва треба да преземе целосна сопственост врз сопственото управување, што во моментов бара значајно меѓународно присуство. Во некои други земји уставната рамка треба да се заврши или целосно да се спроведе.

Повеќе дијалог и посилен дух на толеранција се потребни низ целиот Западен Балкан, особено околу етничките прашања. На Косово, односите меѓу Албанците и Србите остануваат затегнати. Освен тоа, косовските Срби во голема мера не учествуваат во институциите и администрацијата. Функционирањето на државните институции на Босна и Херцеговина продолжува да се компромитира со етнички поделби. Во Србија, и покрај победата на демократските сили на парламентарните избори и формирањето на реформски ориентирана влада, екстремистичките партии и националистичката реторика остануваат силни и негативно влијаат врз вкупната политичка клима. Демократските сили се кревки. Во Република Македонија, честите тензии и недоволната соработка меѓу политичките актери влијае врз нормалното функционирање на институциите и ги забавува реформите. Спорот меѓу Владата и опозициска партија околу уставната материја доведе до тоа таа партија да го бојкотира парламентот. Високо конфронтативната политичка клима во Албанија и долгиот процес на донесувањето устав во Црна Гора упатуваат на други предизвици во градењето модерни демократии. Хрватска треба да направи понатамошни напори за промовирање толеранција спрема малцинствата.

[5] Според Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН

Се постигна значаен напредок во соработка со Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (МКТЈ), клучен услов за процесот на стабилизација и асоцијација. Хрватска и Македонија одржуваат целосна соработка со Трибуналот. Соработката на Црна Гора со Трибуналот е задоволителна. Напредокот постигнат во оваа област од страна на Србија овозможи повторно започнување и техничко завршување на преговорите за спогодба за стабилизација и асоцијација (ССА). Босна и Херцеговина, исто така постигна напредок во соработката со МКТЈ. Сепак, Србија и Босна и Херцеговина сè уште треба да постигнат целосна соработка со Трибуналот, што би довело до апсење на останатите обвинети. Косово постигна одреден напредок во соработката со МКТЈ, но заплашувањето на сведоците на Косово останува извор на загриженост.

Одреден напредок е постигнат во однос на враќањето на бегалци. Многу бегалци и внатрешно раселени лица живеат во многу тешки услови. Одреден напредок, исто така, е забележан во подобрување на застапеноста на малцинските групи во јавните служби. Сепак, Ромите и понатаму остануваат најранлива малцинска група. Сите земји треба да го охрабруваат духот на толеранција кон малцинствата и да преземат соодветни чекори за заштита на лица кои се предмет на дискриминација, непријателство или насилство. Ова е неопходно за да се постигне помирување и долгорочна стабилност.

Примената на владеење на правото, особено преку судските реформи, како и борбата против корупцијата и организираниот криминал се врвен приоритет. Повеќето земји презедоа чекори да ја подобрат организацијата и работењето на нивните судски системи. Во моментот се прават напори да се интензивира борбата против организираниот криминал што веќе ги даде првите резултати. Законодавството и институциите се развиваат за да се борат со корупцијата; во неколку земји во тек се истраги и покренати се одреден број обвиненија. Сепак, се бара значително подобрување на судските системи низ целиот регион. Потребно е да се спроведат широк спектар на реформи на одржлив начин за да се обезбеди независност, ефикасност и отчетност на судскиот систем. Корупцијата сè уште е широко распространета и длабоко вкоренета во општеството. Во сите земји од Западен Балкан преземените мерки не се пропорционални со големината на проблемот. Потребна е силна политичка волја за да се искорени корупцијата и кривично да се гонат прекршителите на законот, вклучувајќи ги и случаите од висок профил. Организираниот криминал продолжува да биде сериозна грижа. Криминалните мрежи се шират во различни социо-економски сектори и внатре во политиката. Тие често профитираат од недоволната транспарентност при јавните набавки, инвестициски планирања и приватизација. Регионот е место на потекло и транзитна зона на трговијата со луѓе, како и на криумчарење со дрога. Потребно е да се направат значителни и одржливи напори и во оваа област.

Административниот капацитет е клучен аспект во исполнување на критериумите од Копенхаген за членство во врска со способноста да се преземаат обврските од членство, како што беше наведено од Европскиот Совет одржан во Мадрид 1995 година. Реформите во јавната администрација се спроведуваат низ целиот регион, со одредени позитивни резултати, како што се рамковните стратегии и законодавството. Хрватска покажа дека поседува значителен административен капацитет за спроведување на спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА). Србија исто така поседува значителен

административен капацитет за спроведување на ССА. Тие сега треба да го надградуваат и осовременуваат овој капацитет за да го усогласат со законите и политиките на ЕУ. Во другите делови, административниот капацитет продолжува да биде слаб и да влијае врз спроведувањето на реформите и нивното усогласување со ЕУ; во однос на ова, потребни се дополнителни напори. Во секоја земја потребна е поголема посветеност за да се воспостави државна служба на централно и на локално ниво која е ефикасна, стабилна и одговорна. Во неколку земји вработувањето, унапредувањето и отпуштањето на државни службеници не се заснова врз објективни и транспарентни критериуми. Потребно е да се зајакнат етичките стандарди во државните служби. Останува да се спроведат реформи во полицијата и безбедносните служби во Босна и Херцеговина и други земји.

Граѓанското општество е основен елемент на Европскиот јавен живот. Земјите од Западен Балкан вложија напори да донесат закони и стратегии кои се поповолни за развојот на граѓанското општество. Преземени се некои први чекори кон демократија со поголем степен на учество. Сепак, граѓанското општество продолжува да биде слабо во регионот. Војните и етничките несогласувања ја направија најголемата штета на социјалното ткиво во регионот. На локалните НВО им е потребна обука за да се прилагодат кон сегашните услови. Дополнителни напори се потребни за продлабочување на слободата на здружување, за поставување регулаторни рамки и јавни стимули за развој на организации од граѓанското општество.

Општо земено, економскиот развој и понатаму е релативно висок во регионот и постои зголемување на просечните плати. Бројките на инфлација се скромни и стабилни. Во повеќето земји од регионот се спроведува претпазлива фискална и монетарна политика. Финансиските системи дополнително се развиени. Системите за управување на јавните финансии се подобрени. Преземени се чекори за подобрување на деловната клима. Сите земји од Западен Балкан и понатаму се преструктурираат и ги отвораат нивните економии. Степенот на економска интеграција со Европската унија веќе е на високо ниво и постојано се зголемува. Спогодбите за стабилизација и асоцијација и новиот Централно-европски договор за слободна трговија (ЦЕФТА) заедно создаваат рамка која е погодна за трговија и инвестиции на Балканот, како што беше случај со Централна и Источна Европа во 1990-те. Неколку земји имаат амбициозни планови да ја надградат физичката инфраструктура и да ги осовременат системите за социјална заштита.

Подигнување на конкурентноста, намалување на високото ниво на невработеност и грижа за човековиот развој и инфраструктурата се главните предизвици низ целиот регион. Во одреден број земји сѐ уште постојат значителни фискални ризици и прилично висока надворешна неурамнотеженост. Напредокот во создавањето работни места е нееднаков, додека некои земји во регионот имаат регистрирани стапки на невработеност од над 35%, а јазот помеѓу достапните и потребните работни вештини се зголемува. Пазарите на труд и понатаму имаат недостиг од соодветна комбинација на флексибилност и заштита за работниците и работодавците, а давачките на плати за регистрирани компании се релативно високи. На руралните економии потребно им е дополнително внесување на разнообразност. Потребно е дополнително спроведување на финансиското консолидирање и

преструктуирање на претпријатијата. Потребно е да се спроведат плановите за приватизација во земјата. Потребно е да се стимулираат инвестиции и раст на МСП, вклучително преку подобрен пристап кон финансиите. Владите треба дополнително да ја подобрат деловната средина и да стимулираат вработување. Тие треба да ја намалат бирократијата, да го зајакнат владеењето на правото, да обезбедат веродостојно регистрирање на земјиштето и транспарентни постапки за приватизација. Во некои земји, законската рамка која обезбедува соодветно функционирање на пазарите треба да се заврши и стапи на сила. Даночните режими треба да се поедностават. Ова ќе ги стимулира економските активности и ќе го намали високото ниво на неформалност во економијата. Згора на тоа, потребни се мерки кои би го олесниле пристапот до финансиите и користењето на е-технологија.

**Турција**

Декември 1999 година, Европскиот совет ѝ додели кандидатски статус на Турција, земја која оствари големи промени. Европската перспектива се покажа како еден од главните поттици за реформите во политичкиот и правниот систем, како и во економијата во Турција. Се укина смртната казна, функциите и составот на Националниот совет за безбедност се изменија за да се зголеми цивилната контрола над воената, и низа измени во уставот ги зголемија демократските слободи. Напредок се постигна во области како што се правата на жените и децата, како и борба против тортурата, со понатамошно општо опаѓање на процентот на пријавени случаи на тортура и лош третман.

Во економска смисла, по сериозната финансиска криза од 2001 година, се изготвија здрави макроекономски политики и структурни реформи за да се обезбеди долгорочна одржливост на економијата, што дозволи брзо заздравување на економијата и подобра инвестициска клима. Ова доведе до висок пораст на БДП, кој достигна 6.1% во 2006 година. Инфлацијата се намали во однос на 2001 година и турската лира остана стабилна. Сепак, развојот на Турција сè уште во значителна мера е под влијание на меѓународните финансиски трендови. Од основањето на Царинската унија во 1995 година, вредноста на трговијата со Европската унија се зголеми тројно по сегашни цени. Ова отсликува силна побарувачка за производите и услугите на ЕУ комбинирани со добрите резултати од работењето на турската извозна индустрија. Покрај тоа, степенот на странски директни инвестиции, кои најмногу потекнуваат од Европската унија, достигна нов рекорд од 16 милијарди евра во 2006 година, што е 4.9% од турскиот БДП.

Овие реформи и стратешката важност на односот на ЕУ со Турција доведоа до почеток на преговорите за пристапување во октомври 2005 година. Основен принцип во овој процес е дека темпото на одвивање на преговорите зависи од брзината на спроведување на реформите во Турција.

Спроведувањето на реформите беше неизедначено и е со забавен интензитет од 2005 година наваму. Во изминатата година, Турција помина низ уставна криза во врска со изборот за Претседател на Републиката, што доведе до предвремени парламентарни избори. Војската даваше јавни изјави кои не беа во рамките на нивните овластувања. Сепак, во периодот до изборите се одвиваа отворени дебати за бројни традиционално чувствителни прашања, и виталното граѓанско

општество ја произнесе својата определба за демократија и секуларна држава. Изборите за Големото национално собрание се одржаа со целосно почитување на демократските стандарди и владеење на правото. Новиот Парламент е ја претставува политичката разнообразност во земјата. Претседателот на Републиката се избра во согласност со уставните правила и демократијата преовладеа во цивилно-воените односи. Владата започна да работи на новиот устав.

Турција сега треба да го продолжи темпото на политичките реформи. Потребни се значителни понатамошни напори, особено за слободата на изразување и правата на религиозните заедници од немуслиманска вероисповед. Дополнителен напредок е потребен особено во борбата против корупцијата, судските реформи, правата на синдикатите и правата на жените и децата, како и потребата да се зајакне одговорноста на јавната администрација. Во Југоисточна Турција, исто така, треба да се создадат услови за доминантното курдско население целосно да ги ужива правата и слободите. Комисијата ќе продолжи со непосредно следење на процесот на политички реформи, вклучувајќи го и цивилниот надзор над безбедносните сили.

Како одговор на серијата вооружени напади од ПКК кои предизвикаа многубројни жртви, Парламентот во октомври 2007 година донесе предлог со кој ја овластува Владата за воена интервенција во северниот дел на Ирак. Претседателството на ЕУ на 22 октомври ја повтори целосната осуда од страна на Унијата на терористичкото насилство на ПКК во Турција. Понатаму се нагласува дека „меѓународната заедница, особено сите главни засегнати страни во регионот, мора да ја подржат Турција во нејзините напори за заштита на своето население и борбата против тероризмот, при тоа почитувајќи го владеењето на правото и зачувувајќи го меѓународниот и регионалниот мир и стабилност и воздржувајќи се од преземање несоодветни воени активности“.

Понатамошни структурни економски реформи и фискална консолидација се потребни за справување со останатите ризици за макроекономската стабилност. Меѓу поголемите предизвици влегуваат структурните слабости и крутоста на пазарот на труд, квалитетот на вештините на работната сила, ниската стапка на вработување, особено на жените, големиот неформален сектор и реформите во секторот на социјалната безбедност и енергетскиот сектор. Разнообразноста на руралната економија останува ограничена. Осврт треба да се даде на ранливоста на Ромите. Турција допрва треба да развие сеопфатен пристап за економски и социјален развој на југоисток.

Добрите соседски односи остануваат клучни. Од Турција се очекува да обезбеди целосна, недискриминаторска примена на Дополнителниот протокол на Спогодбата за асоцијација.

## 3. Стратегија за проширување: Согледување на сегашната агенда

### 3.1. Обновениот консензус за проширување

Процесот на проширување на ЕУ придонесува за мир и стабилност, реформи и промовирање на европски вредности. Ефективноста на условеноста од движечките реформи зависи од одржувањето на веродостојна перспектива за можна интеграција во Унијата. Ова треба да им биде уште поочигледно на луѓето во засегнатите земји. Перспективата за членство никогаш не била позначајна од денес со цел да им се помогне на земјите да ги надминат кризите, слабостите во државата и предизвиците на демократијата.

Строгата условеност во сите фази на процесот на проширување помага во консолидирањето на реформите во сите земји-кандидатки или потенцијални земји-кандидатки и во подготвувањето на идните земји-членки да ги исполнат своите обврски по пристапувањето. Напредокот на секоја земја кон Европската унија зависи од нејзините поединечни напори да се сообрази со критериумите од Копенхаген и, за Западен Балкан, со условеноста од процесот за стабилизација и асоцијација.

Се посветува големо внимание на капацитетот за интеграција на ЕУ во клучните фази од процесот на пристапување. Подобрувањата на квалитетот на процесот на проширување, за кои беше одлучено на Европскиот совет во декември 2006 година, утврдуваат дека напредокот на кандидатите и потенцијалните кандидати за членство во ЕУ се утврдува според нивниот успех во справувањето со клучните барања. Клучните показатели за отворање и затворање на поглавјата за преговори, студиите за влијанието во клучните фази од процесот на проширување околу клучните политики на ЕУ и врските со политичките реформи играат сѐ позначајна улога во тој процес.

### 3.2. Сосредоточување на суштински прашања

Горенаведените предизвици гарантираат поголемо сосредоточување на клучните реформски приоритети кои се однесуваат на градењето држава, владеењето и социоекономските реформи. Комисијата сега предлага ревидирани Партнерства за пристапување и Европски партнерства кои ги рефлектираат овие начела. Партнерствата ги водат земјите на нивниот европски пат и утврдуваат приоритети за предпристапна финансиска помош. Тие ќе им даваат висок приоритет, уште во раната фаза, на основните прашања околу владеењето, вклучувајќи го и градењето институции, судските и административните реформи како и заштитата од организиран криминал и корупција. Ќе се стави поголем акцент на таквите тешки прашања, особено во контекст на политички и економски дијалог. Потребна е поголема соработка помеѓу земјите од Западен Балкан, институциите и агенциите на ЕУ и земјите-членки во борбата против транснационалниот криминал. Прашањата околу спроведувањето на законите и политиките на ЕУ треба да се распоредат според капацитетите на земјите и во зависност од постигнатиот напредок во преземањето на основни реформи.

Претпристапниот механизам за фискален надзор кој за потенцијалните земји-кандидати постои од 2006 година ќе продолжи да ги поддржува економските реформи во сите земји-кандидатки и потенцијални земји-кандидатки.

Регионалната соработка и добрососедските односи остануваат клучни за процесот на евроинтеграција. Напредокот во овие области ја зајакнува довербата и носи конкретни придобивки преку регионалната стабилност, подобри прекугранични врски и подобрена инфраструктура. Овие, исто така, носат и економски придобивки, во смисла на побрз растеж и поголеми странски директни инвестиции.

Заемното познавање и разбирање бара понатамошен развој на граѓанското општество и на дијалогот помеѓу граѓаните на земјите-членки на ЕУ и земјите за проширување. Од 2005 година, Комисијата им доделува финансиска поддршка на проектите за дијалог со и помеѓу земјите на Западен Балкан, како и со Турција. Поддршката за граѓанското општество е клуч за заемното разбирање и за зајакнување на ткивото на демократијата низ општеството. Комисијата сега ќе преземе и дополнителни мерки за да се промовира развојот на граѓанското општество и дијалогот преку употребата на инструментот за претпристапна помош (ИПА).

### 3.3 Продлабочување на преговорите за пристапување

Преговорите за пристапување со Хрватска и Турција започнаа во октомври 2005 година, со едногласна одлука на земјите-членки, по серија на поголеми политички и правни реформи. Процесот на преговарање ги приближува и двете земји до ЕУ и им служи на нивните стратешки интереси. Преговорите се водат врз основа на строго утврдена рамка одобрена од Советот. Тие напредуваат напоредно со напредокот во политичките и економските реформи како и на транспонирањето и спроведувањето на законодавството на ЕУ.

Европскиот совет одржан во декември 2006 година донесе одлуки во поглед на спроведувањето и квалитетот на пристапниот процес. Преземени се значајни чекори за спроведување на заклучоците од Европскиот совет. Комисијата во целост ја искористи можноста да предложи референтни показатели за одредување на условите за отварање и затварање на поглавјата на преговорите, имајќи го предвид напредокот по дадената основа. Комисијата ги објавува своите први студии за влијанието како клучни поглавја на почеток на преговорите. Есента, Комисијата ќе објави студија за влијанијата на идниот влез на Хрватска во секторот на патна *каботажа* на ЕУ. Како дел од напредувањето во преговорите, наредната година ќе бидат претставени и други студии за влијанието во кои ќе се покрие слободното движење на работници во врска со Хрватска и снабдувањето со енергија во врска со Турција. Унијата е ангажирана во интензивни политички и економски дијалози чии резултати се внесуваат во процесот на преговарање. Во овој контекст, се посветува особено внимание на решавањето на изразените билатерални прашања помеѓу кандидатите и земјите-членки, како и на развивањето на добрососедски односи. Прашањата во врска со судството и фундаменталните права се разгледуваат детално во посебно поглавје за преговарање. Треба да потсетиме дека преговорите може да бидат прекинати во случај на сериозно и постојано прекршување на начелата на слобода, демократија, почитување на човекови права и основни слободи и владеење на правото, на кои и е основана Унијата.

Напредокот на **Хрватска** кон членство во Унијата испраќа силен сигнал за другите земји од Западен Балкан во поглед на нивните изгледи за членство, откако ќе ги исполнат потребните услови. Процесот на пристапување на Хрватска придонесува за справување со билатералните и регионалните прашања и го охрабрува помирувањето. Исто така, ова им служи и на стратешките интереси на ЕУ во поглед на безбедноста и спречувањето на конфликти во регион кој се граничи со земји-членки.

Тековната фаза на преговори за пристапување кај специфичните поглавја за политиките на ЕУ бара решавање на техничките прашања во поглед на усогласувањето. Комисијата ги достави до Советот сите извештаи за скрининг на Хрватска. Вниманието сега се префрла кон исполнување на референтните показатели од страна на Хрватска за отворање на релевантните поглавја. Во случај референтните показатели да се исполнат, можен е значителен напредок во преговорите за пристапување со Хрватска во наредната година. Хрватска сѐ уште треба дополнително да напредува во судските и административните реформи, правата на малцинствата и враќањето на бегалците како и преструктурирањето во тешката индустрија.

Континуираната посветеност за реформи на **Турција** е од големо стратешко значење за безбедноста и стабилноста на самата ЕУ. Турција е единствен пример на меѓу-зона помеѓу западот и муслиманскиот свет. Ова беше јасно изнесено од страна на иницијативата за Алијанса на цивилизациите за поттикнување на дијалог под покровителство на ОН. Пристапувањето на Турција во ЕУ, засновано на темелна демократска трансформација, се следи со интерес на Блискиот Исток и во поширокиот муслимански свет. Турција, исто така, го поддржува мировниот процес на Блискиот Исток како и дијалогот со Иран околу прашањето со нуклеарното оружје. Турција поседува значајни безбедносни средства кои ги има приложено во бројни мисии на ЕУ и НАТО, од Западен Балкан до Демократска Република Конго и од Дарфур до Авганистан. Турција има потенцијал да постане значаен енергетски премин помеѓу ЕУ и најголемите извори на нафта и гас во светот, со што е клучен актер за безбедноста на енергетските резерви на Европа. Нејзиното усогласување со политиките на ЕУ ќе биде од особена полза во областите како што е контрола на миграција и животна средина. Турција има постојан висок и стабилен економски раст и е помеѓу водечките трговски и инвестициски партнери на ЕУ.

Таквите стратешки разгледувања се присутни уште од самиот почеток на односите помеѓу ЕУ и Турција, во 1959 година. Перспективата за членство во ЕУ на Турција потекнува уште од 1963 година, кога Турција ја потпиша Спогодбата за асоцијација со Европската економска заедница. Оваа спогодба јасно предвидува пристапување, како во преамбулата така и во член 28. Ова ја одразува значајната стратешка улога на Турција уште од самите основачки почетоци на Европската Унија. Турција сега е единствената земја со која ЕУ има основано царинска унија, договорена во 1995 година. Истата доби статус на земја-кандидатка во 1999 година. Заедничката цел на преговорите е пристапување, како што се согласија сите земји-членки во октомври 2005 година. Преговорите со Турција се отворен процес чијшто резултат не може однапред да се гарантира. Напредокот во преговорите тече паралелно со напредокот во спроведувањето на реформите и во усогласувањето со законите и политиките на ЕУ.

Од суштинско значење е тоа што Европската унија ги почитува нејзините заложби и го продолжува процесот на преговори, а поглавјата се отвораат со самото исполнување на техничките услови, во согласност со Рамката на преговори од октомври 2005 година како и Одлуката на Советот од 11 декември 2006 година. Процесот на скрининг за Турција дојде до својата последна фаза и Комисијата ќе ги достави повеќето извештаи до Советот до крајот на оваа година. Турција треба да ги вложи потребните напори за да ги исполни почетните референтни показатели дефинирани од Советот за повеќето поглавја. Обновениот поттик во процесот на политичките реформи на Турција ќе има директно влијание врз темпото на преговорите за пристапување. Доколку се исполнат референтните показатели, можен е напредок во преговорите за пристапување на Турција наредната година.

Добрососедските односи остануваат клучни. Во согласност со Декларацијата на ЕУ од 21 септември 2005 година и заклучоците на Советот од 11 декември 2006 година, Турција треба да ја исполни обврската за целосно недискриминатоско спроведување на Дополнителниот протокол на Договорот од Анкара и да ги отстрани сите пречки за слободно движење на стоки, вклучително и ограничувањата за превозни средства во поглед на Република Кипар. Од Турција, исто така, се очекува да напредува кон нормализација на билатералните односи со Република Кипар.

### 3.4 Подобрување на европската перспектива на Западен Балкан и промовирање на регионална соработка

Сите земји од Западен Балкан ја споделуваат перспективата за можно членство во ЕУ. Иднината на Западен Балкан е во рамките на Европската Унија. Процесот за стабилизација и асоцијација и Солунската агенда од 2003 година и понатаму ја формираат рамката на политиката на ЕУ во поглед на овој регион. Регионалната соработка носи реални придобивки за граѓаните од Западен Балкан и помага во промовирањето на реформите и помирувањето.

ЕУ ќе продолжи да применува строга условност за напредувањето на земјите од Западен Балкан кон ЕУ. Задоволителни резултати, особено во спроведувањето на обврските во согласност со спогодбите за стабилизација и асоцијација (ССА), вклучувајќи ги и одредбите кои се однесуваат за трговија, се суштински елемент на патот кон можното членство. Стабилните институции се клучни за спроведувањето на одредбите во согласност со ССА и за непречено функционирање на различните здружени институции.

Комисијата продолжува да ги поддржува сите земји од Западен Балкан на нивниот европски пат, како што тие напредуваат според планот утврден во 2005 година. Истата ќе даде целосен приоритет на стабилноста на Косово и перспективата за ЕУ.

На самитот во мај 2007 година на Процесот за соработка на југо-источна Европа (ПСЈИЕ) одржан во Загреб, се декларираше придвижување кон регионалната сопственост на процесот за регионална соработка. Пактот за Стабилност во главно ја оствари својата мисија и истиот ќе биде заменет со нов Совет за регионална соработка (СРС) поврзан со ПСЈИЕ. Се именува Генерален секретар на СРС, а Сараево се избра како седиште на секретаријатот. Во текот на претседателствувањето на Република Бугарија, земјата – домаќин потпиша

спогодба со Босна и Херцеговина и се основа Секретаријатот. Се очекува последната седница на Регионалната маса на Пактот за стабилност и првата седница на СРС да бидат одржани во Софија, на почетокот на 2008 година, кога Специјалниот координатор на Пактот за стабилност ќе му ја предаде функцијата на Генералниот секретар на СРС. Новите структури треба брзо да станат оперативни, особено Секретаријатот и Канцеларијата за врски во Брисел. ПСЈИЕ и СРС ќе обезбедат една општа покриеност за регионална соработка. Комисијата ќе учествува во СРС и ги поттикнува сите засегнати учесници да играат активна улога. Надградувајќи го релевантното искуство од Пактот за стабилност, комисијата планира да соработува со ПСЈИЕ и СРС во спроведувањето на Иницијативата на ЕК за намалување на ризик од катастрофа, како и Иницијативата за заштита од и подготовка за справување со катастрофи (ДППИ) започната со Пактот за стабилност. Комисијата планира и понатаму да ги поврзува земјите од Западен Балкан со работа поврзана со Механизмот за цивилна заштита на заедницата при вонредни ситуации како што се поплави, шумски пожари или земјотреси.

Во јули, новиот Централноевропски договор за слободна трговија (ЦЕФТА) влезе во сила. Ратификацијата од страна на сите потписници беше неодамна завршена и оваа област на регионална слободна трговија сега функционира во регионот. Европската комисија планира да ја поддржи ЦЕФТА, како со техничка помош, така и преку почетно тригодишно финансирање на секретаријатот на ЦЕФТА. Сите земји соработуваат во рамката на Европската повелба за мали претпријатија. Напредува спроведувањето на Спогодбата за енергетска заедница. Ратификацијата на Европската заедничка воздухопловна област е во тек. Останатите потписници сега треба да продолжат со ратификацијата на овие инструменти. Овие спогодби овозможуваат побрза интеграција во внатрешниот пазар за енергија и воздухопловство на ЕУ. Подготвени се детални карти и акциски планови за струја и гас.

За да се подигне свеста за законите и политиките на ЕУ, канцеларијата на TAIEX[6] на Комисијата ќе организира состаноци за технички информации во земјите потенцијални кандидатки во корист на засегнатите страни во владата, деловните кругови и општеството. Регионалната школа за јавна администрација ќе придонесе кон зајакнување на административниот капацитет на Западен Балкан. Фондовите на ЕУ се мобилизирани за трансформирање на постојната мрежа во училиште со седиште во регионот на Западен Балкан.

Граѓаните од Западен Балкан треба да осетат видливи подобрувања коишто ќе произлезат од евроинтеграцијата на нивните земји. Ова е од суштинско значење за нив за да преземат одговорност за помирувањето и потребните реформи. Меѓучовечките контакти во земјите-членки и земјите од регионот, како и низ самиот регион треба да бидат на највисоко ниво.

Полесно патување во Европската Унија е прашање од суштинско значење за народите и владите на Западен Балкан. Во Солун, ЕУ го согледа овој факт и се заложи за преземање чекори за постигнување на оваа цел. Чекорите кон либерализирање на патувањата треба да ги земат предвид внатрешната безбедност и миграциските интереси на ЕУ. Безвизен режим со Хрватска постои веќе повеќе години. Комисијата неодамна преговараше за спогодби за

[6] Размена на техничка помош и информации.

олеснување на визниот режим и спогодби за реадмисија со други земји од регионот. Истите беа потпишани во септември и се очекува Советот набрзо да ги одобри, за да може да влезат во сила на 1 јануари 2008 година. Спогодбите значително ќе ги подобрат условите за добивање на патничка виза за ЕУ. Значајно е земјите-членки да ја осигурат нивната соодветна имплементација.

Договори за олеснување се значаен чекор кон целосна либерализација на визниот режим. Комисијата смета дека сега е време постепено да се придвижиме кон либерализација на визниот режим со земјите од Западен Балкан преку понатамошни конкретни чекори. За таа цел, Комисијата предлага да се започне дијалог со секоја од засегнатите земји во поглед на утврдување на рамка на услови што треба да се исполнат. Овие би го покриле ефективното спроведување на договорите за реадмисија, како и напредок во клучните области, како што е управувањето со границите, безбедноста на документите или борбата против организираниот криминал. Таквата рамка ќе им овозможи на засегнатите земји подобро да ги сосредоточат своите напори за реформи, истовремено видливо зацврстувајќи ја посветеноста на ЕУ на народите од регионот.

Мерките насочени кон подобрување на меѓучовечките контакти вклучуваат и проширување на соработката во образованието и можностите за движење на додипломските и дипломираните студенти според програмите на Темпус и Еразмус-Мундус и Темпус. Дополнителни 100 студенти од регионот може да започнат со постдипломски студии во ЕУ во учебната 2007/2008 година. Од 2008 година, до 500 студенти ќе имаат придобивки од програмите за размена помеѓу земји-членки на ЕУ и регионот. Комисијата ќе ги истражи, заедно со земјите-членки и други билатерални донатори, можностите за дополнителни можности за стипендирање. Претпристапна финансиска поддршка ќе се обезбеди и за учество на млади луѓе, младински организации, културни институции, граѓански организации и истражувачи од Западен Балкан во програмите на ЕУ. Комисијата ќе ги поттикнува иницијативите и проектите поврзани со Европската година на меѓукултурен дијалог – 2008. Во рамките на новиот инструмент за граѓанско општество на Комисијата, ќе се преземат мерки за поддршка на развивањето мрежи и размена помеѓу граѓанските групи и нивните колеги од регионот и на ниво на Европа.

Активното учество на парламентите е клучно за напредокот на земјите кон ЕУ. Парламентарната соработка подлабоко се развива како во рамките на Западен Балкан така и со ЕУ. Во соработка со Европскиот Парламент, Комисијата ќе ги поддржува активностите фокусирани на евроинтеграцискиот процес.

### 3.5 Зајакнување на поддршката за реформи

На 1 јануари се воведе Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Целта е да се обезбеди една кохерентна рамка за помош на земјите кандидатки и потенцијални кандидатки. Заедницата ќе продолжи да ги подржува овие земји во нивните напори да ги зајакнат демократските институции и владеењето на правото, да ја реформираат јавната администрација и да воспоставаат функционална пазарна економија. Поддршката ќе дојде во облик на проекти за за институционална надградба и прекугранична соработка, како и, во зависност од степенот на подготвеност на земјата, поддршка кон мерките за развој на регионите, човековите ресурси и руралните средини.

Постигнат е напредок во подготовката за непречена транзиција при спроведување на помошта од Европската агенција за реконструкција (ЕАР) на делегациите и канцелариите на Комисијата во Белград, Подгорица, Приштина и Скопје. Процесот ќе заврши до крајот на 2008 година. Агенцијата е од клучна важност во испорака на помош за реконструкција во земјите после конфликтите. Со воведувањето на ИПА, властите во земјите кориснички ќе имаат поголема сопственост во програмирањето на претпристапната помош. Тие треба да се подготват за да ја преземат одговорноста за управување на средствата од ЕУ.

Косово заслужува посебно влијание. Неговите важни потреби за финансирање од надвор ќе треба главно да се покријат од донаторите. ЕУ и земјите - членки ќе треба да ја предводат меѓународната заедница во согласност со главната улога на ЕУ во Косово по добивањето на новиот статус.

ИПА ќе им помогне на корисниците да ги зајакнат капацитетите преку градење институции, добро владеење, развој на МСП. Посебно внимание ќе се посвети на административните и судските реформи и на владеење на правото. Исто така, ќе се вложат напори за да се подобри финансиското управување во јавниот сектор кај партнерите, како и нивните капацитети за целосно искористување на претпристапната поддршка. ТАИЕКС нуди помош со брза реакција од службеници од јавниот сектор до јавните институции на земјите за проширување. Надградувајќи се врз резултатите од СИГМА[7] и ТАИЕКС, твинингот помеѓу јавните администрации ќе даде среднорочна поддршка за владеењето, покрај традиционалните проекти за твининг поврзани со законодавството или политиките на ЕУ.

Комисијата ќе воспостави нов инструмент за финансирање под ИПА за да се промовира развој на граѓанското општество и на дијалогот. Националните и проектите за повеќе корисници ќе се програмирааат на координиран начин за да се поттикне развојот на граѓанското општество во секоја од земјите. Целта ќе биде да се зајакнат субјектите од граѓанското општество и нивната улога во политичкиот процес, да се подобрат капацитетите на организациите од граѓанското општество за изработка на прекугранични проекти и мрежи, и да се запознаат претставниците на граѓанското општество и предводниците во мислења со работите поврзани со ЕУ. Инструментот ќе го подобри капацитетот на локалните организации од граѓанското општество за мобилизација на граѓаните, застапување, изработка и управување на проекти за да се охрабри работењето во мрежа, и ќе го подржи нивниот дијалог со релевантни тела во ЕУ. Ќе се покријат секторите човекови права, родова еднаквост, социјална вклученост, здравство, животна средина, деловно застапување и претставување и заштита на потрошувачите. Инструментот ќе промовира соработка и трансфер на умеења помеѓу деловните субјекти, синдикатите и организациите на професионалци во земјите партнери и соодветните организации на ниво на ЕУ. Ќе се воведе програма на посети за да клучните субјекти кои го оформуваат јавното мислење а кои се активни во националната и локалната политика, религијата, новинарството, синдикатите, деловните организации се запознаат со работите во ЕУ, и иститe да се стават во контакт со нивните колеги од ЕУ.

---

[7] СИГМА – Поддршка за подобрување на управувањето и раководењето – програма на ОЕЦД подржана од Комисијата во контекст на проширувањето .

Поблиската соработка помеѓу донаторите е важен елемент од новата регулатива за ИПА, имено во поглед на буџетски ограничувања. Комисијата одблиску ќе ја координира поддршката од ИПА со поддршката која доаѓа од меѓународните финансиски институции и од други донатори за да се даде осврт на основните потреби во смисла на економски и општествен развој. Комисијата основа Инструмент за инфраструктура кој се финансира од ИПА од 2008 година, кој ќе помогне во изработка на проекти во инфраструктурата. Ќе се покријат секторите транспорт, енергетика и инфраструктура во животната средина, но исто така и инвестиции во социјалниот сектор, како што се здравство, образование, домување, и бегалци. Другите иницијативи го вклучуваат Европскиот фонд за југоисточна Европа (ЕФЈИЕ), којшто е насочен кон развојот на приватниот сектор, и инструментот за енергетска ефикасност. На овој начин, поддршката преку ИПА ќе настојува да постигне една мешавина на грантови и заеми која ќе биде најефикасна во поглед на трошоците. Овие здружени напори несомнено ќе ја вклучат и ЕИБ, како и ЕБОР и другите финансиски институции како што е Светската Банка и Банката на Советот на Европа.

### 3.6 Обезбедување поддршка за проширувањето во јавноста

Комуникацијата е камен темелник на стратегијата за проширување на ЕУ. Придобивките и предизвиците на проширувањето треба подобро да се пренесат во јавноста. Јавното мислење во ЕУ за идното проширување е под влијание на перцепциите од минатите проширувања. Од суштествена важност е да се слушнат граѓаните, да се земаат предвид нивните грижи, и да се дадат понатамошни информации. ЕУ треба да изложи понатамошни фактички информации за проширувањето за јавноста да може јасно да ги види и придобивките и предизвиците на истото.

ЕУ се соочува со предизвици при информирањето за проширувањето и во земјите-членки и во земјите-кандидатки и потенцијални кандидатки.

*Во земјите – членки,* главните предизвици се да се дадат факти за петтиот круг на проширување, особено неговото влијание во смисла на економски успех и зајакнување на глобалната улога на ЕУ, и да се подвлечат придобивките и предизвиците од тековниот процес на проширување. Институциите на ЕУ и земјите – членки треба да ѝ дадат на јавноста во ЕУ информации за земјите – кандидатки или потенцијални кандидатки и да го објаснат начинот на кој функционира проширувањето како постапен и внимателно управуван процес. Треба да се промовираат дебати на сите нивоа на општеството за прашања кои се поврзани со проширувањето.

*Во земјите – кандидатки и потенцијални кандидатки,* главните предизвици се да се нагласи заложбата на Унијата кон нивната европска перспектива и да се објаснат условите за напредокот на секоја земја кон ЕУ, при што за секоја се носи оценка во зависност од сопствените заслуги. Луѓето треба да видат дека напредокот кон ЕУ зависи од темпото на реформи во секоја земја поединечно. Колку побрзи и поефикасни реформи, толку позабрзан ќе биде и нивниот напредок на патот кон членство и сите придобивки кои тоа ги носи. ЕУ треба да ги подржува владите на овие земји во нивните усилби да ја објаснат природата на ЕУ и да покажат каква полза имаат нивните граѓани од поблизок однос со ЕУ во подготовката за членство. Граѓаните треба да знаат повеќе за придобивките, како што се на пример претпристапната техничка помош и технички совети,

визни олеснувања, школарини.

За да помогне во поефикасното информирање за процесот на проширување, Комисијата ги кани владите на земјите-членки и земјите-кандидатки и потенцијални кандидатки за членство да изготват планови за информирање. Овие планови треба да се насочат кон оние кои го оформуваат мислењето во политиката, медиумите, деловната заедница, академските кругови, социјалните партнери, младината. Новиот инструмент на Комисијата за промовирање на развојот на граѓанското општество и на дијалогот исто така ќе придонесе во овие напори.

Земјите-членки, исто така, мора да предводат во давањето објаснувања и бранење на политиките за кои се согласиле, во афирмирање на дијалогот и објаснување на ползата од проширувањето. Членовите на Европскиот парламент и на националните парламенти, како и регионалните и локалните власти и граѓанското општество, исто така треба да одиграат суштествена улога. Овие актери, кои се најблиски до јавноста, имаат клучна улога во покренување информирани дебати за проширувањето.

Комисијата ќе ги надополни овие напори со тоа што ќе ја пренесе политиката на ЕУ за проширување, вклучувајќи ја и претпристапната поддршка. Ќе ги руши митовите со тоа што ќе дава факти. Во целост ќе ги употребува своите претставништва во земјите - членки и делегациите во земјите за проширување. Комисијата ќе настојува да се вклучи во дијалог за проширувањето со субјектите кои се клучни во оформување на мислењето, и ќе се надградува врз искуствата стекнати во 2007 година преку одреден број успешни проекти за информирање, посебно оние со стопанските комори и студентските организации.

*****************

## 4. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### (ОПШТИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ПРОЦЕСОТ НА ПРОШИРУВАЊЕ)

Според анализата дадена погоре, Комисијата ги донесува следниве заклучоци:

1) Проширувањето придонесе за мир, демократија и стабилност во рамките на целиот континент и донесе конкретни придобивки во поглед на зголемената трговија, инвестициите и економскиот раст. Унијата денес е поконкурентна и подобро се справува со предизвиците на глобализацијата. Проширувањето ја зголеми тежината на Унијата во светот.

2) Процесот за проширување на ЕУ внимателно се спроведува во согласност со обновениот консензус потврден на Европскиот совет во декември 2006 година. Консензусот се базира врз начелата за консолидирање на заложбите, фер и ригорозна условеност и подобра комуникација со јавноста, заедно со капацитетот на ЕУ за примање на нови членки. Моменталната агенда за проширување го опфаќа Западниот Балкан и Турција, кои добија шанса за членство во ЕУ доколку ги исполнат условите за прием.

3) Комисијата презема одредени чекори за подобрување на квалитетот на

процесот за проширување. Прашањата за потешките реформи сега се предочуваат во рана фаза од процесот. Се обезбедува повратна информација за политичкиот и економски дијалог како и за процесот за проширување. Во преговорите за членство, сега целосно се почитуваат показателите како услови за отворање и затворање на поглавјата. Комисијата промовира поголема транспарентност, на пример со објавување на извештаите за скрининг, и ги подготвува првите студии за влијание. Секоја земја го остварува напредокот кон ЕУ од една во друга фаза со исполнување на потребните услови, во согласност со планот за Западен Балкан од 2005 година.

4) Сепак, земјите од проширувањата сè уште се соочуваат со многубројни предизвици. Особено важно е да се одржи јасноста и кредибилитетот на нивните шанси за членство во ЕУ. Секоја земја заслужува да биде оценувана според сопствените заслуги. Сè уште треба да се работи на фундаментални прашања, како што се градење на државата, владеење на правото, помирување, административни и судски реформи, како и борба против корупцијата и организираниот криминал. Добрите меѓусоседски односи остануваат клучно прашање.

5) Преговорите за членство на Хрватска напредуваат добро и истите влегуваат во фаза на одлучување. Овој факт му покажува на регионот во целост дека европската перспектива претставува реалност. Хрватска сепак треба да постигне натамошен напредок, особено во судските и административни реформи, правата на малцинствата и враќање на бегалците, како и преструктуирање на индустриите за челик и бродоградба.

6) Турција воведе значајни реформи откако стана земја – кандидатка во 1999 година. Во последната година, Турција претрпе уставна криза која доведе до предвремени парламентарни избори. Изборите беа слободни и фер, а новиот парламент ја претставува политичката разноликост во земјата. Претседателот на Републиката беше избран во согласност со уставните правила, а демократијата владееше во граѓанско – воените односи. Турција сега треба да го обнови темпото на политички реформи. Итно се потребни значајни понатамошни напори, особено во поглед на слободата на изразување (член 301 од Казнениот законик и друго релевантно законодавство) и правата на религиските заедници што не се муслимански. Значајни подобрувања, исто така, се потребни во поглед на судските реформи, во борбата против корупцијата, подобри права за жените, децата и синдикатите, културните права, како и цивилниот надзор врз вооружените сили.

Турција досега ја нема исполнето својата обврска за целосно недискриминаторно спроведување на Дополнителниот протокол на Спогодбата за асоцијација ниту пак има направено напредок во нормализирање на билатералните односи со Република Кипар. Комисијата ќе продолжи со известување во наредните годишни извештаи, во согласност со заклучоците на Советот од Европскиот совет од 11 декември 2006 година.

7) Во најбрз можен рок, треба да се добие јасна слика за статусот на Косово. Единството на ЕУ е особено значајно во поглед на ова прашање. Комисијата целосно ја подржува работата на Тројката. Постои потреба од одржливо решение што ќе обезбеди демократско и мултиетничко Косово и ќе придонесе за стабилноста во регионот.

8) Република Македонија постигна напредок но сепак треба да го забрза темпото на реформи во клучните области. Албанија и Црна Гора постигнаа напредок во одреден број области но сепак, истите се соочени со значајни предизвици. Босна и Херцеговина допрва треба целосно да го преземе владеењето во свои раце и да напредува со реформите, особено во делот за полицијата. Србија покажа дека има административен капацитет да направи значителен напредок кон реализирањето на европската перспектива. Ова се докажа со ефикасното водење на техничките преговори за Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Сепак, за да ја потпише ССА, Србија допрва треба да постигне целосна соработка со МКТЈ. Регионот во целост има потреба да се движи напред во градењето на модерни демократии и развивање на политичка култура на дијалог и толеранција.

Според тоа:

(а) Комисијата очекува значителен напредок во преговорите за членство со Хрватска во текот на наредната година, што ќе води до значаен број на отворени поглавја и до неколку привремено затворени поглавја, доколку земјата го одржува потребното темпо на реформи и ги исполнува барањата.

(б) Комисијата очекува напредок во преговорите за членство со Турција во текот на годината. Поглавјата за кои се завршени техничките подготовки треба да се отворат во согласност со востановените постапки.

Темпото на преговори зависи од резултатите на реформите во Турција. Напредокот на Турција може да се интензивира доколку истата успее во исполнувањето на дадените показатели.

Комисијата му предложи на Советот ревизијата на одредбите за слобода на изразување од Казнениот законик на Турција (член 301 и други соодветни членови) да биде показател за отворање на клучното поглавје за правосудство и фундаментални права.

Турција треба да ги исполни обврските за целосно недискриминарачко спроведување на Дополнителниот протокол на Спогодбата за асоцијација во согласност со заклучоците на Советот од 11 декември 2006 година, и сè додека Турција не го направи истото, осум поглавја нема да бидат отворени.

(в) Европската унија е подготвена да обезбеди дополнителна поддршка за стабилноста во Косово и регионот како и да одговори во согласност со најновите настани, преку целосно искористување на нејзините инструменти на политика.

(г) Доколку условите се исполнети, Спогодбата за стабилизација и асоцијација може да се заврши со сите земји од Западен Балкан во 2008 година, со договори што ќе бидат потпишани или веќе во сила.

(д) Земјите од Западен Балкан ќе ја преземат одговорноста за регионална соработка со преминувањето на Пактот за стабилност во нов Регионален совет за соработка во рамките на Процесот за соработка во Југоисточна Европа. ЕУ ќе продолжи со поддршка за локалната сопственост на иницијативите во регионалната соработка.

(ѓ) Приоритет се даде на промовирање блиски контакти помеѓу луѓето од Западен Балкан и ЕУ. Комисијата ќе започне дијалог за либерализација на визниот режим за граѓаните од земјите на Западен Балкан како следен чекор по

олеснувањето на визниот режим и договорите за реадмисија.

(е) На почетокот од 2008 година, Комисијата ќе донесе информација во која ќе се разгледаат случувањата и ќе се посочат чекорите што следат по Агендата од Солун и Соопштението од Салцбург за промовирање на патот на Западен Балкан кон ЕУ.

(ж) Комисијата сега предлага ревидирани партнерства за пристапување и европски партнерства кои ги утврдуваат ажурираните приоритети на реформите. Со основните прашања поврзани со градењето на државата, управувањето и административните и судските реформи треба да се справува уште во раните фази.

(з) Овие приоритети ќе се одразат во програмирањето на финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Истото така, во рамките на ИПА, Комисијата ќе формира тело за финансирање кое ќе го унапредува дијалогот и развојот на граѓанското општество, имено преку изградба на капацитети и проекти за размена. Ќе се овозможи поблиска координација со други донатори и ќе се интензивира соработката со ЕИБ како и со ЕБОР и други меѓународни финансиски институции.

(ѕ) Од клучно значење е да се обезбеди јавна поддршка за проширувањето. Исто така важно е и да се сослушаат граѓаните и да се одговори на нивните барања преку добивање јасни и фактички информации. Остварувањето на проширувањето е заедничка одговорност. Потребна е активна вклученост на земјите-членки. Комисијата ќе продолжи да ја игра својата улога заедно со Европскиот парламент и националните, регионалните и локалните власти и граѓанското општество.

## АНЕКС[8]
## Препораки за Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Република Македонија, Црна Гора, Србија, Косово[9], Турција

### РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Република Македонија оствари мал напредок во однос на **политичките критериуми**. Сепак, честите тензии и проблеми во остварувањето конструктивен дијалог помеѓу главните политички учесници го наруши ефикасното функционирање на политичките институции и доведе до забавување на реформите. Краткорочните приоритети на Европското партнерство делумно се исполнети.

Спроведувањето на Охридскиот рамковен договор продолжува да придонесува за консолидација на ***демократијата и владеење на правото***. Сепак, потребни се понатамошни напори за целосно спроведување на договорот и консолидирање на довербата помеѓу политичките партии кои ги претставуваат различните етнички заедници. Потребен е консензуален приод и подготвеност за компромис, а исто така потребно е духот на Договорот да се одржува на подоследен начин. Бојкотот на Собранието од страна на една од големите опозициски партии како и ниското ниво на квалитет во соработката помеѓу Претседателот и Премиерот го попречуваат ефикасното функционирање на политичките институции. Неодамнешниот судир во Собранието и нападот на новинарите се сериозна причина за загриженост и треба темелно да се испитаат.

Во однос на *реформата на јавната администрација*, Законот за државни службеници се спроведува постепено. Децентрализацијата стабилно се спроведува, а започна и втората фаза која се однесува на фискалната децентрализација. Јавните тела подобро соработуваат со народниот правобранител. Во тек се подготовки за спроведување на Законот за полиција. Во секој случај, целосното и ефикасното спроведување на реформата во полицијата, што претставува клучен приоритет на Европското партнерство, останува сериозен предизвик. Јавната администрација останува слаба и неефикасна, а законодавството за државната служба малку се користи. Произволните разрешувања на службениците на сите нивоа се одвиваа на нетранспарентен начин и тоа го прекина функционирањето на администрацијата. Потребни се значителни дополнителни напори за создавање стабилна и професионална државна служба.

Остварен е мал напредок во спроведувањето на стратегијата за реформа на *судскиот систем*, што преставува клучен приоритет на Европското партнерство. Едно од петте ново формирани специјализирани судски одделенија за организиран криминал целосно функционира. Академијата за обука на судии и обвинители започна да работи, а се воведуваат и нови ИТ системи. Покрај тоа, спроведувањето на законите за парнична постапка и извршување ја зголемува судската ефикасност. Сепак, севкупното влијание на реформите досега беше ограничено. Политичкиот застој во преостанатите назначувања во Судскиот совет ги намали капацитетите на Советот за зајакнување на независноста и

---

[8] Од Анексот кој ги содржи препораките за Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Република Македонија, Црна Гора, Србија, Косово[8], Турција, преведен е делот од Анексот кој ги содржи препораките за Република Македонија.

[9] Согласно Резолуцијата на Советот за безбедност на ОН 1244.

непристрасноста на судството. Исто така беа одложени клучни аспекти на реформите, како што се основање на Управниот суд. Законите за јавното обвинителство останува да се донесат, а пак буџетите на судовите се неефикасни. Потребни се понатамошни напори за да се обезбеди независност, ефикасност и одговорност на судството. Треба да се воспостави евиденција за спроведувањето на неодамнешните реформи.

Спроведувањето на правната и институционална рамка на *борбата против корупцијата* даде некакви резултати. Имаше голем број обвинителни постапки и пресуди на високо ниво. Соработката помеѓу органите за спроведување на законот се подобрува. Сепак, корупцијата е распространета и претставува сериозен проблем. Неопходен е сеопфатен приод во сите сектори и целосно спроведување на законодавството за спречување корупција.

Генерално, ***човековите права и заштитата на малцинствата***, вклучувајќи ги и меѓуетничките односи се подобруваат. Преземени се дополнителни чекори за спроведување на Охридскиот рамковен договор, како донесувањето на стратегијата за еднаква застапеност на етничките заедници во администрацијата. Сепак, довербата помеѓу етничките заедници треба и понатаму да се развива, особено преку решавање на социо-економските тешкотии со кои се соочуваат малцинствата. Постигнат е мал напредок во однос на состојбата на малцинството на *Ромите*, кои и понатаму се соочуваат со тешки услови за живеење и дискриминација особено во областите на образование, социјална заштита, здравствена заштита, домување и вработување.

Преземени се мерки против *лошо постапување* со притворени лица, имено во соработка со народниот правобранител и Министерството за внатрешни работи. Следењето на комуникациите сега е предмет на законодавна рамка. Во однос на *слободата на вероисповед*, донесен е нов закон што дозволува регистрација на религиозни институции. Во однос на *правата на жените*, направени се дополнителни чекори во насока на создавање еднакви можности. Сепак, заштитата на правата на жените против сите форми на насилство треба да се зајакне. Спроведувањето на мерките за заштита на правата на децата треба да се забрза. Социјалниот дијалог на вклучување треба и понатаму да се развива.

Што се однесува на ***регионалните прашања и меѓународните обврски***, Република Македонија продолжи активно да учествува во регионалната соработка и даде придонес во Процесот за соработка во Југоисточна Европа (СЕЕЦП), Регионалниот совет за соработка и изменетиот Централноевропски договор за слободна трговија (ЦЕФТА). Земјата одржува целосна соработка со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија (МКСЈ). Донесе е Закон за соработка со МКСЈ. Подоброто функционирање на судските институции останува клучно за постапување со случаите кои треба да се вратат под национална јуриздикција од МКСЈ. Земјата одржа конструктивен став во текот на процесот за статусот на Косово. Во однос на Меѓународниот кривичен суд, билатералниот договор за имунитет со Соединетите држави не е во согласност со релевантната заедничка позиција и водечките принципи на ЕУ.

Република Македонија гради добри односи со земјите од Западен Балкан. Потребни се нови напори, со конструктивен приод за да се изнајде меѓусебно прифатливо решение за прашањето за името со Грција, под покровителство на ОН, во рамките на Резолуциите бр. 817/93 и 845/93 на Советот на ОН, со што се придонесува за регионална соработка и добрососедски односи. Активностите

кои можат негативно да влијаат на добрососедските односи треба да се избегнат.

**Економијата** на Република Македонија бележи изразит забрзан раст. Макроекономската стабилност на земјата се одржува и постигнат е дополнителен напредок во структурните реформи, но постоењето на многу висок степен на невработеност останува главна причина за загриженост. Институционалните слабости и недостатоци кај владеење на правото сè уште го попречуваат непреченото функционирање на пазарната економија и влијаат на деловната клима.

Што се однесува до **економските критериуми**, Република Македонија добро напредува и прави исчекор во воспоставувањето на функционална пазарна економија. Република Македонија треба да е способна да се соочи со притисокот на конкуренцијата и пазарните сили во рамките на Европската унија на среден рок, под услов засилено да ги спроведува сеопфатната програма за реформи заради намалување на значајните слабости во структурата.

Земјата одржува широк консензус за суштинските работи на економските политики. Како резултат на соодветниот збир на политики, се одржува макроекономска стабилност и предвидливост. Унапредена е успешноста за развој на земјата, иако останува простор за посилен развој. Инфлацијата е на ниско ниво. Тековната сметка е урамнотежена. Во секој случај, невработеноста останува особено висока. Влезот на СДИ сè уште е релативно низок и по значајниот прилив поврзан со приватизацијата во 2006 година. Властите поактивно интервенираа во економијата, намалувајќи ги даночните оптоварувања, со што го подобри собирањето на даночните приходи и ги зголеми расходите. Сепак, во целост, се одржува биланс на фискалните сметки. Стапката на приходот од даноци е зголемена, заради повисоките приходи и подобрената стапка на наплата. Релативно ниското ниво на долгот на јавниот сектор е дополнително намалена, што исто така доведе до понатамошно намалување на надворешната ранливост на земјата. Либерализацијата на цените и трговијата во голема мера е завршена и продолжува приватизацијата на државната сопственост. Скратени се процедурите за стечајна постапка, а регистрацијата на имот е забрзана. Зголемено е финансиското посредување, а зајакнат е и надзорот на финансискиот сектор. Понатаму, преземени се мерки со цел да се подобри квалитетот на човековиот капитал и да се модернизира инфраструктурата на земјата. Економската интеграција со ЕУ напредува добро.

Сепак, функционирањето на пазарната економија сè уште е попречено од институционалните слабости. Судството и понатаму претставува препрека, а регулаторните и надзорните тела понекогаш ја немаат потребната независност и ресурси за ефикасно извршување на нивните функции. Степенот на правната сигурност останува низок, а административната неефикасност го попречува соодветното функционирање на јавната администрација и деловното окружување. Пазарот на трудот сè уште слабо функционира. Широкиот сектор на сивата економија, дополнет со постојаните слабости во спроведување на законот и регулаторната рамка, ја намалува даночната основа, го попречува владиниот капацитет за спроведување на економски политики и влијае негативно на деловното окружување.

Република Македонија направи дополнителни напори за подобрување на **способноста за прифаќање на обврските од членството.** Постигнат е некаков

напредок во исполнувањето на краткорочните приоритети од Европското партнерство. Земјата сé уште се соочува со големи недостатоци во спроведувањето и ефикасното применување на законодавството. Постои недостаток на соодветни човечки и финансиски ресурси за целосно спроведување на ССА. Големиот степен на прераспределба на квалификувани кадри по политичките промени, ги попречува напорите за подобрување на административните капацитети.

Постигнат е напредок во областа *Слободно движење на стоки,* во делот на зајакнувањето на административните капацитети и на усогласување на законодавството со *acquis,* но ова, сепак е во рана фаза. Истото се однесува и на областите *Слободно движење на работници* и *Право на основање и слобода на давање услуги.* Постигнат е ограничен напредок во областа на *Слободно движење на капитал.* Се заостанува во однос на усогласувањето со *acquis,* а административниот капацитет за спроведување на законодавството против перење на пари не е соодветен.

Постигнат е напредок во областа *Јавни набавки*, каде што усогласувањето на законодавството со *acquis* напредува. Сепак, административниот капацитет на ниво на тела за склучување договори не е доволно развиен. Постигнат е значителен напредок во областа *Право на трговски друштва*, каде што во усогласувањето има скромен напредок. Во областа *Право на интелектуална сопственост* постои некаков напредок, особено во поглед на усогласувањето на законодавството во делот на *право на интелектуална сопственост* и запленување на фалсификувани стоки на границата. Сепак, административниот капацитет сѐ уште не е доволен, за да се постигне соодветно спроведување и потребна е силна политичка волја за да се разбие пиратеријата.

Остварен е напредок и во областа *Конкуренција* вклучувајќи ја тука и државната помош. Законодавството во најголем дел е усогласено со *acquis* и капацитетот и независноста на телото за конкуренција се зајакнати. Потребни се понатамошни напори за да се зголеми јавната свест за придобивките од политика на конкуренција и разбирањето на системот за контрола на државната помош помеѓу даватели на државна помош. Законот за технолошко индустриски развојни зони мора да биде изменет и дополнет за да се усогласи со *acquis.*

Остварен е мал напредок во областа *финансиски услуги*. Сепак, потребно е понатамошно унапредување на законодавството, особено во поглед на секторите осигурување и хартии од вредност. Треба да се обрне особено внимание на проблемот со неосигурените возила. Недоволни се административниот капацитет и гаранциите на функционалната независност на супервизорите од нефинансискиот сектор.

Постигнат е напредок во усогласување на законодавството со *acquis* и зајакнување на конкуренцијата во областа *Информатичко општество и медиуми.* Сепак, на полето на електронските комуникации, земјата сѐ уште ги прекршува своите обврски преземени со ССА. Во сите сектори, спроведувањето и извршувањето на законодавството останува слабо, додека пак, независноста на регулаторните тела не е сѐ уште обезбедена.

Во областа *Земјоделство и рурален развој* постигнат е некаков напредок во развојот на политиките, но, сепак усогласувањето е во својата рана фаза. Постигнат е скромен напредок во областа *безбедност на храна, ветеринарна и*

*фитосанитарна политика*. Административниот капацитет, во однос на бројот и надлежностите на кадарот, не е соодветен за да овозможи соодветно спроведување на *acquis*.

Постигнат е напредок во усогласувањето со *сообраќајната политика*. Република Македонија го ратификува Европскиот заеднички воздухопловен простор. Земјата активно учествува во развојот на Главната регионална транспортна мрежа и во Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа (СЕЕТО). Меѓутоа, административниот капацитет во сите сектори останува слаб. Постои одреден напредок во усогласувањето на внатрешниот пазар на *енергија* и законодавството за обновлива енергија. Како потписничка на Договорот за енергетска заедница, земјата треба да го спроведи релевантното законодавство на ЕУ од областа на енергијата. Административниот капацитет за спроведување на прописите за енергетска ефикасност и радијациона заштита не е доволен. Независноста на регулаторното тело за енергетика треба да се зајакне.

Во областа на *оданочувањето*, законодавството за индиректни даноци е добро усогласено, но постојат значителни несовпаѓања во однос на директното оданочување. Постигнат е напредок во зајакнувањето на административните капацитети. Сепак, потребни се понатамошни напори за да се обезбеди ефикасно спроведување и извршување на законодавството.

Постигнат е ограничен напредок во усогласувањето во областа на *економска и монетарна политика*. Меѓутоа, во тек се подготовки во оваа област. Во областа на *статистика*, преземени се значајни чекори во приоритетните делови. Сепак, потребни се поголеми напори за зајакнување на административниот капацитет.

Во делот на acquis за *социјална политика и вработување,* постигнат е одреден напредок во однос на развојот на стратегии. Меѓутоа, поради недоволната политичка определба и административен капацитет, напредокот во спроведувањето на овие политики останува ограничен. Постои напредок во одредени делови на *претпријатија и индустриска политика*, посебно во однос на поддршка на малите претпријатија. Во однос на трансевропските мрежи, земјата учествува во регионалните иницијативи и усогласувањето е значајно напреднато. Главен предизвик останува надградување на инфраструктурата. Постигнат е напредок во областа на *регионалната политика и координацијата на структурни инструменти*. Меѓутоа, сè уште се потребни значителни напори за воспоставување на неопходниот институционален и административен капацитет на централно и локално ниво.

Постигнат е одреден напредок во областа на *правосудството и фундаменталните права*. Властите направија дополнителни напори за борба против корупцијата и истите почнаа да даваат резултати. Меѓутоа, обезбедувањето на независност и ефикасност на судството останува главен предизвик. Пристапот за справување со корупцијата сè уште не е сеопфатен. Усвојувањето на законодавството во оваа област е задоволително, но потребно е натамошно спроведување и посебно распределување на ресурси, а ова ќе бара и континуирана политичка заложба.

Во областа на *правда, слобода и безбедност*, основното законодавство е воспоставено, а законодавството за спроведување во голем дел е донесено. Потребни се понатамошни напори за обезбедување на активна политика на враќање, како и усогласување на постапките за азил со европските стандарди.

Постои нерамномерен напредок во областа на полициската соработка и борбата против организираниот криминал, кој останува сериозна загриженост. Евидентирано е запленување на големи количини на дрога. Постои недоволен напредок во делот на трговија со луѓе. Сè уште не е воспоставен интегриран систем за разузнавање за меѓуагенциска употреба во борбата против организираниот криминал. Потребно е зајакнување на меѓуагенциската соработка и во однос на борбата против тероризам.

Во одредени области, властите го зајакнаа нивниот функционален капацитет, иако тоа е најмногу на централно ниво. Административниот капацитет на локално ниво останува генерално слаб. Во областа на граничното управување и Шенген, постои потреба од комуникациски мрежи, техничка опрема и обуки. Постигнат е добар напредок со воведувањето на биометрички пасоши. Општо земено, сè уште е потребна евиденција за следење на спроведувањето и извршувањето, особено во однос на борбата против организираниот криминал и корупцијата, што останува сериозна загриженост. Република Македонија сè уште не е доволно подготвена за спроведување на acquis во областа на правда, слобода и безбедност.

Во областа на *наука и истражување*, постои мал напредок во усогласувањето, а капацитетот на научните институции останува слаб. Земјата донесе мерки на политика што овозможија подобрување на усогласувањето во областа на *образование и наука*. Сепак, ресурсите за спроведување на реформи во политиката не се доволни. Земјата треба да ги продолжи подготовките со цел идно учество во програмите на Заедницата - Доживотно учење и Млади во акција. Постигнат е напредок во подготовката на законодавна рамка во областа на *животна средина*, но спроведувањето на законодавството останува во рана фаза, а особено во деловите кај кои се потребни големи инвестиции. Административните капацитети и финансиските ресурси сè уште се несоодветни. Постигнат е одреден напредок во *заштита на потрошувачите и здравјето* во однос на усогласување на законодавството и градење на институционалните капацитети за заштита на потрошувачите и здравјето. Потребни се повеќе човечки и финансиски ресурси за да се овозможи целосно спроведување на законодавството, стратегиите и акциските планови.

Значителен е напредокот во областа на *царинска унија*. Во однос на административниот капацитет, постигнат е важен напредок во борбата против недозволената трговија и корупцијата, како и во прибирањето приходи. Општо земено, потребно е Царинската управа да продолжи со напорите за модернизација.

Постигнат е одреден напредок во областите на *надворешни односи* како и *надворешната безбедносна и одбранбена политика*. Сепак, институционалниот и административниот капацитет сè уште не е доволен за да овозможи земјата целосно да учествува во политиките на ЕУ во овие области.

Напредокот во областа на *финансиска контрола* е ограничен на јавната внатрешна финансиска контрола. Административниот капацитет на одговорните институции останува несоодветен за да ги исполни обврските што произлегуваат од acquis. Во областа на *финансиски и буџетски одредби*, не е постигнат одреден значаен напредок. Потребно е навремено воспоставување на соодветни координативни структури, правила за спроведување и зајакнување на администрацијата.